**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 7 ДАТА 28.01.2022 ГОДИНА 40

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 7 ДАТА 28.01.2022 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР**
**Седница од 27.01.2022 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар, фудбалерите: Елмази Агон од Фудбалскиот клуб „КФГ Гостивар„ АД од Гостиватр ки Жоглев Владимиар од Фудбалскиот клуб „Беса 1976„ од с. Добри Диол, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**Седница од 27.01.2022 година**
**за ОФС Тетово**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ТЕТЕКС 1953„ Тетово: Дигаловски Дарко од Фудбалскито клуб „Победа„ АД од Прилеп, Елмази Агон од Фудбалскиот клуб „КФГ Гостивар„ АД од Гостивар и Жоглев Владимир од Фудбалскиот клуб „Беса 1976„ од с,. Добри Дол, по член 35/3.

- **Поништување на исписница и брисовница:**

Се поништува исписницата издадена од Фудбалскиот клуб „Тетекс 1953„ од Тетово со број 1/09 од 13.01.2022 година и Брисовницата издадена од Општинскиот фудбалски сојуз Тетово број 03202/18 за фудбалерот Митров Михајло и истиот останува член на истоимениот клуб „Тетекс 1953„ од Тетово.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденцијна на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Ангеловски Силвио од Фудбалскиот клуб „Тетекс 1953„ од Тетово, поради преминување со регистрација во друг Општински фудбалски сојуз.

- **Регистраиции кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Каримановиќ Амир од Фудбалскиот клуб „Драва„ од Птуј од Република Словенија за Фудбалскиот клуб „Ренова„ АД од с. Џепчиште, по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот договор за вработување на фубалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година и 6 (шест) месеци, до Летниот преоден рок 2023 година (немање на сертификат и Барање од Министерството за внатрешни работи за привремен престој.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ**
**Седница од 27.01.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „КЛИМИ„ Кавадарци: Најдов Зклатко Петар, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ**
**Седница од 27.01.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЊУ СТАРС„ Скопје: Гогов Н. Пане од Фудбалскиот клуб „Вардар„ Неготино, по член 35/3.
Грашевски М. Александар, Киш М. Марко, Киш М. Матеј од Фудбалскиот клуб „Вардар„ АД од Скопје, по член 35/10.

КМФ „АРБЕН БАЈРАМИ„ Скопје: Асани Шабан од КМФ „Арбен Бајрами„ Скопје, по член 35/2.
Аљбин Азири, по член 35/1.

КМФ „ШКУПИ 1927„ АД Скопје: Рамадани С. Берат, Стојковски М. Игор од КМФ „Арберн Бајрами„ од Скопје, по член 35/3.

Управен одбор

0202-292/3
26.01.22

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 26.01.2022 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор и тоа:

На седницата одржана на ден **31.12.2021** година и тоа:

- Одлука со деловоден број 0202-3069/2
- Пропозиции со деловоден број 0202-3069/3
- Одлука со деловоден број 0202-3069/3

На седницата одржана на ден **17.01.2022** година и тоа:

- Одлука со деловоден број 0202-247/2

2. Одлуката стапува на сила ведаш и истата ќе се објави во Макфудал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 26.01.2022 година, ги разгледа одлуките донесени од страна на Одборот за итност во периодот помеѓу две седници, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

0202-292/9
26 01 22

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 26.01.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери**

**1.** Се врши измена и дополнување на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ на начин што:

**1.1. Член 27**

**- Се менува став 3** на член 27 на начин што по зборовите: „чиј договор истекол " се додаваат зборовите „спогодбено е раскинат или е".
Став 3 **гласи:**
*(3)Исклучок од ова правило е случај кога професионален фудбалер кој доаѓа од странство и чиј договор истекол, спогодбено е раскинат или е раскинат од оправдани причини пред крајот на преодниот рок може да се регистрира и вон преодниот рок.*
**- Ставот 4 на член 27** кој гласи: *Професионалните фудбалери од став 3 на овој член можат да се регистрираат надвор од преоден рок доколку клубот поднел барање за регистрација во преоден рок* **, се брише.**
Член 27 брои 7 става.

**1.2 Член 33**
**Се менува став 1 на член 33**, на начин што зборот „регистриран" на почетокот на ставот се менува со зборот „Професионален"
став 1 гласи:
(1) *Професионален фудбалер може да биде отстапен на друг клуб врз основа на писмен договор, склучен помеѓу клубовите и фудбалерот.*

**1.3 Член 44**
**- Се менува став 1 на член 44** на начин што зборовите „ *од 30 (триесет) дена*" се менуваат со зборовите: *од 7 дена односно рок определен со Правилникот на ФИФА за статус и трансфер на фудбалери сметајќи*"
Став 1 гласи:
*(1) Доколку во рок од 7 дена односно рок определен со Правилникот на ФИФА за статус и трансфер на фудбалери сметајќи од денот на упатување на барањето за издавање меѓународен трансфер сертификат од страна на ФФМ,*

*националниот сојуз на клубот кој фудбалерот го напушта, не одговори на барањето, ФФМ ќе издаде привремена дозвола за регистрација на фудбалерот (провизорен сертификат).*

**- Се менува став 2 на член 44** на начин што зборовите „ *рокот од 30 (триесет) дена*“се менуваат со збровите „*наведениот рок од став 1*“

Став 2 гласи:

(2) *По истекот на наведениот рок од став 1, фудбалерот е должен под полна материјална и кривична одговорност да достави писмена изјава до ФФМ дека се наоѓа во статус на слободен фудбалер и дека не е под договор, како и фотокопија од личната исправа за идентификација.*

**1.4 Член 45**

Член 45 се менува во целост на начин што се бришат двата става и се додаваат 3 нови става.

Член 45 гласи:

*(1) Сите меѓународни трансфери на фудбалери во рамките на категоријата фудбал (11 играчи од двете страни) независно од статусот или родот на фудбалерите задолжително се спроведуваат преку ТМС електронскиот систем на ФИФА.*

*(2) Клубовите се одговорни за внесување и потврдување на трансфер инструкциите и внесување(upload) на потребните документи за трансфер во ТМС системот.*

*(3 )Само овластени корисници (ТМС менаџери) може да пристапат и да ги користат информациите од ТМС платформата исклучиво за потребите на соодветниот трансфер, информациите и документите на ТМС платформата се од доверлив карактер.*

**1.5 Член 47**

Се менува и дополнува став 4 на член 47 на начин што пред зборовите меѓународен сертификат се бришат зборовите „6 (шест) месеци“ и се додаваат зборовите „ за периодот помеѓу два преодни рока“

Став 4 гласи:

*По истекот на периодот на отстапување, кој може да биде најмалку за периодот помеѓу два преодни рока, меѓународен сертификат за трансфер ќе му се издаде на националниот сојуз на клубот кој го отстапил фудбалерот на позајмица, преку ФИФА ТМС системот.*

**4.** Оваа одлука стапува на сила веднаш.

**5.** Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

Деловоден број 0202-292/9

Управен одбор

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 26.01.2022 година, го разгледа предлогот на Одборот на прволигаши за измена на член 27 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ во насока на овозможување на регистрирање на фудбалери кои доаѓаат од странство и без поднесено барање во преоден рок. Имајќи ја во предвид целокупноста на членот 27, ценејќи ја и заштитата на интегритетот на натпреварувањето како и дека станува збор за исклучок кој ги опфаќа само фудбалерите на кои договорот им завршил поради истек или раскин пред крај на преодниот рок, Управниот одбор оцени дека барањето е дозволено по што одлучи да се избрише ставот 4 на членот 27.

Управниот одбор истотака го разгледа и предлогот за измена и дополнување и на одредбите од членовите : 27 став 3, 33, 44, 45 и 47 на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ. По разгледување на предлозите утврди дека измените и дополнувањата претставуваат усогласување со Правилникот за статус и трансфер на играчи на ФИФА по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател**
**Муамед Сејдини**

Деловоден број 0202-292/9

Управен одбор

0202-292/10
26 01 22

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 26.01.2022 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува предлогот бр. 0302-3038/2 од 28.12.2021 година доставен од Одборот на клубови на Прва МФЛ.

2. Се менува записникот за натпревари во Прва МФЛ и се овозможува внес на 11 резервни фудбалери на записник.

3. Се задолжува надлежната служба во Генералниот секретаријат да ја спроведе одлуката во Комет системот на ФФМ.

4. Се задолжуваат клубовите од Прва МФЛ да обезбедат услови и ги прилагодат клупите за резервни играчи со доволен број на места согласно точка 2 на оваа одлука.

5. Одлуката стапува на сила веднаш а ќе се применува од пролетниот дел на сезоната 2021/22.

6. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 26.01.2022 година го разгледа предлогот доставен од Одборот на клубови на Прва МФЛ кој се однесува на можноста на внесување на поголем број на резервни фудбалери на записникот за натпревари.

Имајќи во предвид дека предлогот е поднесен за подобрување на квалитетот на натпреварувањето и внесување на поголем број млади и перспективни фудбалери на записник во Прва МФЛ, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

0202-232/17
26 01 22

Управен одбор

Врз основа на член 109 став 1 од Статутот на ФФМ, на предлог на Одборот на судии на ФФМ бр. 11-296/1 од 25.01.2022 година, Управниот одбор на Фудбалска Федерација на Македонија, на седницата одржана на 26.01.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За измена на одлука на Управниот одбор бр. 0202-1065/11 од 23.04.2021 година**

1. Се менува точка 1 на одлуката бр. 0202-1065/11 од 23.04.2021 година, на начин што од денот на стапување на сила на оваа одлука, Претседавач на одборот на судии е Димитар Мечкаровски, додека досегашниот Претседавач Емил Божиновски останува член на Одборот на судии.
2. Изменетиот состав на Одборот на судии е :
   - Димитар Мечкаровски– Претседавач
   - Илир Сеља – Заменик претседавач
   - Емил Божиновски – член
   - Зоран Петковски – член
   - Марјан Ристески – член
3. Оваа одлука стапува на сила веднаш.
4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор, на седницата одржана на 26.01.2022 година, го разгледа предлог на Одборот на судии на ФФМ бр. 11-296/1 од 25.01.2022 година со кој досегашниот претседавач Емил Божиновски се повлекува од функцијата Претседавач на Одборот на судии и ќе остане член на комисијата со задолженија како во предлогот. Воедно во предлогот, Одборот на судии, го предлага Димитар Мечкаровски за претседавач на Одборот на судии, по Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA
SKOPJE
СКОПЈЕ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**